**Дефинирање на филантропијата**

Како човек, граѓанин, сосед, ученик, учител, сите сме биле сведоци на некаков чин на правење добро за другите. За најдобро запознавање со дефиницијата за филантропија, може да се направи бура од идеи што се однесуваат на зборот „филантропија“:

Прашајте ги учениците брзо да размислат за прашањето „Кога велиме филантропија мислиме на...“
Најчесто одговорите ќе ги рефлектираат следниве зборови:

- Љубезност,
- добронамерност,
- емпатија
- сочувство
- добротворни цели
- дарежливост,
- добронамерност,
- хуманитаризам
- покровителство,
- алтруизам,
- корисност,
- добро и благодет.

Постојат многу зборови за да се дефинира љубовта кон човештвото и многу концепти кои можат да сместат одредени акции/делувања во филантропски. Она што е важно е дека филантропијата се однесува на правење добри работи во корист на заедницата, за создавање позитивно социјално претприемништво.

Секој од зборовите  има својата дефиниција и добро е да им се претстави на учениците, додека пишувате кратки објаснувања и примери за секој чин на љубезност.

**Прашање што треба да се постави:**
Што е според тебе љубезност?
Кои вредности се поврзани со тоа да се биде љубезен?
Дали некогаш си направиле нешто добро за некого? Што и зошто? Како се чувствуваше во врска со чинот на добро дело?
Раскажи приказна од твоето семејство кога пружила помош некому.

Дефинирање на филантропијата е лесно, бидејќи учениците се во можност да забележат добри дела во многу социјални практики. Овој прирачник нуди планови за дискутирање на лекциите за филантропија низ разни предмети. Тука се неколку водечки прашања што може да ги користи секој професор за да предизвика/поттикне? дебата на оваа тема.

**Еве неколку прашања што учениците можат да ги дискутираат низ различни предмети:**

- Кои познати автори имаат пишувано за добротворството и филантропијата? (литература)
- Кои позитивни теми за филантропијата можат да се идентификуваат во литературата? (литература)
- Како културите ја слават филантропијата? Кои дела што се насочени кон оваа тема се најпознати во англиската, германската литература итн? (јазици)
- Како можат современите филантропи да користат литературни дела за да ја подобрат практиката или да ја зголемат видливоста на филантропските дела? (литература, социологија, филозофија)

- Кои познати практики на пожртвуваност кај животните и луѓето ги познавате за добробит на другите? (биологија)
- Каде во светот можат да се најдат одлични примери на филантропија? Мапирајте ги локациите, нацртајте мапа (географија)
- Идентификувајте историски примери на граѓани кои користат граѓански организации за изготвување петиции до владата (историја, социологија)
- Како во економска смисла може да се објасни филантропијата (економија)
- Објаснете како економските системи ја поттикнуваат или обесхрабруваат филантропијата? Колкава е минималната плата во целиот свет? (економија)
- Идентификувајте ги меѓународните граѓански организации и мапирајте ги нивните локации. (географија)
- Дајте пример за индивидуална филантропска акција што имавлијаено врз науката (математика, физика, хемија итн.)
- Што е покровител? Дајте пример за индивидуална филантропска акција во уметноста (уметност)
- Филантропијата честопати се гледа како алтернативен начин за поддршка на иновативните истражувања; именувајте неколку научни откритија направени со помош на филантропски инвестиции
- Кои приказни за дарежливоста на донаторите кои помогнале да се развијат првите науки ги знаете?

Филантропските донации играат суштинска улога во поддршката на уметноста, истражувачката дејност, социјалниот напредок, културните иницијативи. Придонесот на филантропијата е единствен, комплементарен на другите извори на финансирање и е исклучително вреден за научните истражувања и другите полиња од општествен интерес.

Еве неколку студии на случај и приказни за разгледување.

**Разбирање на влијанието на филантропијата 1:**

Филантропија во нашиот фрижидер! Побарајте од учениците да размислат што може да се најде во нивниот фрижидер, од каде потекнува храната и како се произведува. Прашајте ги дали знаат некои научни достигнувања кои помагаат храната да стигне до луѓето. Прашајте ги дали млекото е чест производ во нивната секојдневна семејна

потрошувачка. Запознајте ги со студијата на случај подолу и разговарајте за влијанието на Нејтан Штраус. Дискутирајте и за случаи на туберкулоза во земјата.

**1892 година - Милиони животи спасени со пастеризирано млеко**

Нејтан Штраус (1848–1931) денес малку се памети, иако бил еден од најефективните филантропи во американската историја. Како мало дете, тој имигрирал од Баварија со своето семејство и следејќи го патот типичен за многу Евреи од тоа време, се занимавал со малопродажба во Њујорк. Нејтан влегол во семејниот бизнис за порцелански и стаклени садови на осумнаесет години, а во 1874 семејството започнало да управува со одделите за порцелан и и стакларија на стоковната куќа Мејсис. Одделите на семејството Штраус биле толку профитабилни што на крајот станале партнери со наследниците на Р. Х. Мејси и во продавниците Мејсис и во Абрахам и Штраус, пред целосно да ги преземат и двата. Штраус вовел бројни иновации во трговијата на мало, што ја поттикнало експанзијата на Мејсис. Во 1902 година продавницата станала најголема во Нујорк, а Нејтан Штраус еден од најбогатите луѓе во градот.

Штраус и неговата сопруга раздале голем дел од своето богатство за време на нивниот живот, широко распространувајќи ја нивната добротворност. Тие имале најголем ефект врз процутот на човештвото борејќи се за употребата на пастеризирано млеко. Сѐ започнало поради загриженоста за нивните шест деца. Како и многу богати семејства, семејството Штраус чувало крави за снабдување на својот дом со млеко, но еден од ѕверовите нагло починал и било откриено дека има туберкулоза. Присетувајќи се дека методот на Луј Пастер за загревање на млекото ги убива повеќето најопасни бактерии, Штраус одлучил неговите деца да пијат само пастеризирано млеко. Истовремено, тој започнал реформи за да им помогне на сиромашните деца да добијат безбедно млеко. **Тој основал станици за млеко во сиромашните населби за да го раздаде пастеризираниот производ и да ја докаже неговата вредност. „Во 1891 година, цели 24 проценти од бебињата родени во Њујорк починаа пред нивниот прв роденден“, забележува историчарот Џон Стил Гордон. „Но, од 20111 деца кои се хранеа со пастеризираното млеко обезбедно од Нејтан Штраус во период од четири години, починаа само шест“.**

**Штраус донирал опрема за пастеризација на градскиот дом за деца без родители**, толку ужасна институција, што децата имале четири пати полоша стапка на смртност од генерлната стапка на смртност кај децата. Четириесет и четири проценти од тамошните деца умреле во 1897 година. Следната година, кога млекото на Штраус била единствената промена, стапката паднала на 20 проценти.

**Со неговите филантропски напори, Штраус поддржал 297 станици за млеко во 36 градови, кои дале повеќе од 24 милиони чаши и шишиња млеко за четвртина век. Гордон известува дека стапката на смртност кај новороденчињата во САД опаднала од 125,1 промили во 1891 година на 15,8 во 1925 година. Штраус директно ги спасил животите на околу 445 800 деца, а неговата битка за задолжителна пастеризација индиректно спасила уште милиони животи.**

**Написот е преземен од**
[https://www.thenewatlantis.com/publications/philanthropy-in-science-technology-and-medicine](https://www.thenewatlantis.com/publications/philanthropy-in-science-technology-and-medicine)

**Разбирање на влијанието на филантропијата 2:**

Прашајте ги учениците дали тие или член на нивното семејство правеле рентген и за која медицинска цел. Прашајте ги дали знаат за Нобеловата награда што им се

доделува на жени. Дискутирајте за тоа како образованието и пристапот до образование влијаат врз истражувањата и пронајдоците? Отворете дебата за жените за пример (role models) и нивната улога во историјата.

**Омаж на Нобеловата лауреатка Марија Склодовска - Кири**

Марија Склодовска е родена пред 150 години, на 7 ноември 1867 година, во Варшава, Полска. Двајцата нејзини родители биле професори кои длабоко верувале во важноста на образованието. Првите часови по физика и хемија на Марија ѝ ги дал нејзиниот татко. Таа покажала голема способност за учење и имала голема жед за знаење. Бидејќи напредните студии не биле возможни за жените во Полска - која во тоа време била поделена меѓу Руската империја, Австро-Унгарија и Прусија - Марија сонувала да студира на Сорбона во Париз. Почнала да работи како тутор за да заштеди пари за студиите, а на 24 годишна возраст заминала во Париз за да студира математика и физика на Сорбона. Три години подоцна, таа ги имала поминато сите испити со највисока оценка и планирала да дипломира за професор и да се врати во Полска. Тоа никогаш не се случило, бидејќи се запознала и се омажила со меѓународно познатиот физичар Пјер Кири и станала Марија Склодовска - Кири, позната и како Марија Кири. Животниот пат на двојката бил целосно исполнет со работа и учење.

Во јули 1898 година, парот Кири го објавил откритието на нов, високо-радиоактивен елемент, кој го нарекле полониум, по татковината на Марија. Во 1903 година, како резултат на ова откритие, парот Кири и еден нивен колега биле заеднички наградени со Нобеловата награда за физика „како признание за исклучителниот придонес направен со заедничкото истражување на феноменот на радиоактивноста“.
**Марија Кири е првата жена наградена со Нобелова награда. Откако повторно станала нобеловка во 1911 година, овојпат за хемија, таа станала и првата личност - и единствената жена - која освоила повеќе Нобелови награди. Втората награда била „признание за нејзините заслуги за унапредување на хемијата со откривање на елементите радиум и полониум, со изолација на радиумот и проучувањето на својствата и соединенијата на овој извонреден елемент“, според Нобеловата фондација.**
**Во 1915 година, Марија ја искористила својата стручност во науката за да помогне во воените напори на Франција. Со средства од Унијата на жени на Франција, филантропска организација, таа претворила голем број автомобили во мобилни радиолошки единици кои вклучувале преносни рентген машини. Овие единици, познати како „мали кири“, се користеле за да се лоцираат фрагменти од проектили и куршуми во раните. Во текот на Првата светска војна, Марија Кири, како директор на Службата за радиологија на Црвениот крст, и со помош на нејзината ќерка Ирен, се посветила на развојот на примените на рентгенските зраци. Нејзиното дело ги поставило темелите на Институтот „Радиум“ во Париз, кој бил отворен во 1918 година.**

Во 1921 година, американскиот социјалит, новинарка и уредничка на списанието г-ѓа Вилијам Б. Мелони (Мари Метингли Мелони) договорила Марија Кири и нејзините две ќерки Ирен и Ева да ги посетат САД. Мелони и Кири за прв пат се сретнале во 1920 година, кога Кири се согласила да направи интервју за списанието на Мелони, „Делинеатор“. Во своето интервју Кири изразила желба да добие грам радиум за нејзината лабораторија. Чинејќи 100000 американси долари по грам, чистиот радиум бил екстремно скап (приближно 1,2 милиони американски долари во денешни пари),

а како резултат на Првата светска војна ниту француската влада, ниту богатите француски покровители не можеле да си дозволат таква цена. **Како одговор на желбата на Марија Кири, Мелони организирала кампања за донации, собирајќи пари од жени низ САД за „Фондот за радиум на Марија Кири“, да може да купи грам радиум од „Стандард хемикал“.**

**Истата година, Кири отпатувала во САД за јавно да го прифати подарокот**. На 20 мај, таа била примена во Белата куќа од претседателот Ворен Г. Хардинг, кој ѝ подарил на Кири клуч од мала, оловна кутија, што содржела радиум, како „подарок од американските жени“ на „посвоената ќерка на Франција “и „родената ќерка на Полска“. За време на оваа посета, Марија Кири добила девет почесни доктораti од престижни американски колеџи и универзитети каде држела предавања. Таа исто така посетила лаборатории и индустриски зони, каде ги импресионирала сите со својата експертиза и лична скромност.

**Осум години подоцна, во 1929 година, Марија Кири се вратила во САД за да добие подарок од 50.000 американски долари од рацете на претседателот Херберт Хувер. Овие пари купиле уште еден грам радиум, наменет за полска болница за рак спонзорирана од Марија Кири. Нејзиниот поддржувач и доживотна пријателка, Мари Мелони, повторно била дарежливиот дух зад собирањето средства. Марија Кири го добила подарокот на 30 октомври 1929 година, како израз на благодарност на американскиот народ за „благодетната услуга што Мадам Кири му ја даде на целото човештво“, како што изјавил претседателот Хувер.**

**Марија Кири успеала да заснова институт „Радиум“ и во Париз и во Варшава, каде научници од многу земји се обучувале и спроведувале истражувања, поставувајќи ги темелите на модерната онкологија.** Иако употребата на радиум за третман на рак им давала надеж на претходно неизлечивите пациенти, радиумот имал и темна страна. Марија Кири починала во 1934 година, на само 66 години, од апластична анемија поради продолжено изложување на зрачење за време на нејзиното научно истражување и работа во теренски болници. **Таа ја платила највисокота цена за нејзината посветеност и придонес кон науките и медицината.**

Марија Кири била еден од најголемите научни умови на 20 век, и една од првите жени научници што се здобила со светска слава и признание. Нејзиното пионерско изучување на радиумот и полониумот длабоко придонеле во разбирањето на радиоактивноста. Таа била првата што го употребила терминот „радиоактивност“ и првата жена во Европа што завршила докторат за наука. Таа исто така била првата жена предавач, професор и шеф на лабораторија на универзитетот Сорбона во Париз. За време на својот живот, Марија Кири добила 15 златни медали, 19 почесни дипломи и други награди. За нејзините достигнувања, таа била првата жена чие последното почивалиште било под куполата на познатиот мавзолеј Пантеон во Париз, каде почиваат француските просветители.
Ви благодариме, merci, dziekujemy, Мадам Склодовска - Кири!

Написот е преземен од
https://blogs.loc.gov/international-collections/2017/11/a-tribute-to-nobel-laureate-madame-marie-sklodowska-curie/

**Разбирање на влијанието на филантропијата 3**

Дискутирајте со учениците за тоа кои уметнички форми ги препознаваат и зошто ги ценат (танц, театар, филмови, скулптури, музеите како институции). Добро прашање што треба да се постави е | што е вообичаено за уметноста и филантропијата и дали тие можат да бидат блиски како синоними? Обидете се да ги именувате познатите историски уметници и нивните покровители. Прашајте ги учениците дали мислат дека уметноста може да се смета за филантропија бидејќи е поврзана со давање талент, напор, време за заемна корист и туѓото уживање. Може да се води дебата на тема како се поддржува уметноста и дали може да постои без поддршка од филантропите?

**Уметност и култура**

И покрај својата релативно кратка историја, САД станаа едно од уметнички и културно најбогатите општества во светот. Тоа е во голема мера благодарение на приватната филантропија. И за разлика од некои други нации, филантропијата и поддршката од публика продолжуваат да бидат (наместо државното финансирање), оние што создаваат и одржуваат најголема уметничка активност денес.

Размислете за симфониските оркестри. Половина од нивните приходи во моментов доаѓаат од донации (33 проценти од годишни подароци, 16 проценти од приходите направени врз подароците дадени претходно). Приходот од платени концерти достигнува 42 проценти од вкупниот приход. Само 6 проценти од фондовите на симфонијата доаѓаат од локалните, државните или федералните власти.

Приказната е иста и за другите креативни полиња. Непрофитните уметнички институции во САД како целина во моментов добиваат 45 проценти од своите буџети од донатори. Елиминирајте ја филантропијата и нашите животи веднаш стануваат тапи, порамни, потемни, потивки.

Подредени според година подолу, ќе најдете примери за некои значајни придонеси на филантропијата во нашиот национален уметнички живот, музеи, музички перформанси и творештво, архитектура, историско зачувување, уметничко образование, книжевна уметност и библиотеки, жива историја, поезија, ТВ и филм, танц и театар, и многу повеќе.

- Истражување обезбедено од Карл Зинсмајстер, Брајан Браун и Џаром Мекдоналд

**1961 година | Заживување на џезот во Њу Орлеанс**

Љубителите на уметноста и музиката Алан и Сандра Јафе се враќаа дома во Филаделфија од медениот месец во Мексико Сити кога решија да застанат во Њу Орлеанс за да слушаат џез музичари во прекрасниот француски кварт. Сандра подоцна раскажа: „Кога ја слушнав музиката за првпат, беше како тотална трансформација. Најдовме цел нов свет ... музиката едноставно беше толку прекрасна“.

Тие одлучија да останат во Њу Орлеанс уште неколку дена со цел повторно да ги слушаат (воглавно постарите) музичари. Потоа останаа уште малку. Тогаш сопственикот на уметничката галерија-домаќин на музичарите, Лари Боренстајн, им рекол дека зградата се продава. Загрижени дека ова може да значи крај на бледеечкиот стил на традиционална џез музика во Њу Орлеанс, парот никогаш не го напушти градот. Тие започнаа да ги изнајмуваат просториите во јуни, а во септември 1961 година ги отворија како Сала за презервација, посветена на зачувување и продлабочување на џезот во Њу Орлеанс.

Allan went around town rounding up musicians, and Sandra employed her journalist skills to market the offerings. What started as a few performances per week eventually turned into one of the most respected jazz music series in the country. They quickly added a touring band, which began to travel the nation in 1963. A 501(c)(3) foundation was created

to maintain a jazz archives and offer young players in New Orleans lessons with jazz masters. Now directed by the Jaffes' son Ben, the hall has been credited with saving New Orleans jazz.
Алан го обиколи градот собирајќи музичари, а Сандра ги користеше своите новинарски вештини за да ги промовира понудите. Она што започна како неколку настапи неделно, на крајот се претвори во една од најценетите џез музички серии во земјата. Тие брзо додадоа бенд за турнеи, кој започна да патува околу нацијата во 1963 година. Фондацијата 501(c)(3) беше создадена за да одржува џез архиви и да им нуди часови по џез на младите свирачи од Њу Орлеанс со џез мајстори. Сега под раководство на синот на парот Јафе, Бен, за салата се смета дека е заслужна за зачувувањето на џезот во Њу Орлеанс.

- Сала за презервација, preservationhall.com Сузан Котер,
- „За љубовта кон џезот“, *Patches* (зима 2011), пристапено на блогот на салата, preshall.blogspot.com/2011/01/sandra-jaffe-interview-in-harcum.html

Написот е преземен од
https://www.philanthropyroundtable.org/almanac/achievements/arts-culture

**Важност**
Филантропијата е важна затоа што дава можности. Филантропијата поддржува проекти и потфати што можат да бидат премногу непопуларни или контроверзни за да добијат распространета поддршка од пошироката јавност или владата. Од оваа причина, филантропијата е многу важен дел од демократското општество. Филантропите не се обврзани да одговараат пред владата или пред јавноста, па затоа можат слободно да ги изберат луѓето и проектите кои ќе ја добијат нивната поддршка.
Пример за таква слобода е Фондацијата Арон Диамонд и епидемијата на ХИВ/СИДА. Помеѓу 1986 и 1997 година, Фондацијата Арон Диамонд потроши 220 милиони долари за борба против епидемијата на ХИВ/СИДА во Њујорк (Совет на фондациите, 2003). Поради стигмата и стравот поврзан со ХИВ/СИДА, ова ниво на поддршка би било исклучително тешко да се добие од пошироката јавност или од владата. Каузата мораше да биде поддржана од индивидуа која беше заинтересирана за ХИВ/СИДА и подготвена да ги потроши тие пари. Филантропските придонеси од фондацијата обезбедија финансирање за тестирање, истражување и превенција за ХИВ/СИДА и имаа позитивно влијание врз целото општество.
Филантропијата игра многу важна улога во американското општество. Ние имаме директни придобивки од филантропијата преку употребата на библиотеки, училишта, болници, центри за изведувачки уметности и музеи поддржани од великодушноста на филантропите. Филантропијата исто така може да поддржува научни истражувања, стипендии, борби за граѓански права, социјални услуги и други работи корисни за општеството.
Написот е преземен од https://www.learningtogive.org/resources/philanthropy

Она што го гледаме од водечките прашања и одговори за филантропијата е дека светот околу нас е, и секогаш бил, полн со примери на филантропски акти во културите. Во секоја деценија, на секоја возраст, во секое поле, во секоја култура, можеме да видиме практики на филантропија.

Она што го учиме од историјата е дека е многу видливо како религиите со текот на времето спроведуваат активности за помагање; на пр. Евреите одделувале една десетина од приходите за подароци за сиромашните и за Бога, во кинеската култура

дури и пред 4000 години има документирано давање додатоци на деца без родители, стари лица, вдовици итн. Во исламот постои концепт на „закат“ - практика на задолжително давање одреден дел на нечие богатство во добротворни цели, што се смета за богослужба и чин на самопрочистување. Во христијанството, дарежливоста се споменува во Библијата и може да се смета како највисок чин на љубов.

Правењето добро и промовирањето љубезност кон другите може да се најде во учењата на многу религии. Добротворното дарување е од клучно значење во многу религиозни убедувања и ова сигурно ги мотивира луѓето да даваат, и затоа признаваме дека влијанието на религијата врз филантропијата во минатото и сегашноста е важно да се разгледа.

Сепак, филантропијата е стара илјадници години, практикувана од античко време до денес. Мотивите настрана од религиозните верувања се љубезноста и намерата да се придонесе кон општото добро.

**Најдобрата можна грижа[1] - The Best Care Possible**

од Ајра Бајок

(1951 – денес)

Одамна, студент ја запрашал антропологот Маргарет Мид што смета дека е прв знак на цивилизацијата во една култура. Студентот очекувал Мид да зборува за рибни куки, или глинени садови или острилки. Но, не. Мид рекла дека првиот знак на цивилизација во античката култура е заздравена бедрена коска (бутна коска), откако претходно била скршена. Мид објаснала дека во животинското царство, ако ја скршите ногата, умирате. Не можете да бегате од опасност, да стигнете до реката по вода, или да ловите храна. Вие сте храна за ѕверовите натрапници. Ниту едно животно не преживеало со скршена нога доволно долго за заздравување на коската. Скршената бутна коска што заздравела е доказ дека некој одвоил време да остане со оној што паднал, ја врзал раната, го однел лицето на сигурно и се грижел за него до закрепнување. **Помагањето на друг во потешкотии е онаму каде што започнува цивилизацијата, рекла Мид. „Ние сме најдобрата верзија на себеси кога им служиме на другите. Бидете цивилизирани“.**

Денес, филантропијата се дефинира како организиран, транспарентен чин на давање со цел унапредување на човековите потреби, права и создавање на позитивно социјално претприемништво и промена.

Современата филантропија постои во различни форми и се разликува од практиките на минатите филантропски акти, бидејќи се обидува да биде подемократска, отворена, иновативна и поблиска до вредностите на демократското општество. Како професори, највредната поука од сите дефиниции, концепти и практики на кои ќе бидете изложени во овој прирачник е поимот „биди љубезен“. Без оглед на формата на филантропијата, учениците треба да можат да ја препознаат моќта на потенцијалот на филантропија да донесе позитивни промени во заедницата и важноста на оваа тема во иднината на општеството и економијата.

---

[1] https://www.aspeninstitute.org/wp-content/uploads/2020/04/Byock_The-Best-Care-Possible.pdf

„Современата филантропија влече корени од античкиот свет, каде што филантропските практики беа вградени во раните социјални структури и верувања. Кинеската класична мисла, на пример, ја возвишува доблеста на добронамерноста, а хиндуистичките списи го нарекува давањето императивна должност. Античките Грци сметале дека филантропијата е од фундаментално значење за демократијата, а во античките цивилизации на субсахарска Африка, реципроцитетот и љубезноста кон другите биле најважни. Индијанците практикувале подарување за да промовираат рамнотежа и хармонија, додека светите текстови на јудаизмот, христијанството и исламот ги повикуваат верниците да се грижат за оние кои имаат потреба. Во 12 век, рабинот и филозоф Мојсеј Мајмонид ги артикулирал верувањата врз кои се темелат многу од овие антички практики кога ја основал „Златната скала на милосрдието“ во Мишне Тората. Неволното давање е на дното на скалата, а анонимното давање на непознат прималел и давањето со цел потткнување на самодовербата на примателот се на врвот. Хиерархијата на Мајмонид ги обликувала поими на давање со векови натаму “.

Преземено од https://www.historyofgiving.org/introduction/https://www.historyofgiving.org/introduction/